АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 15.07.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3655 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** радио програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга

3. **Период опфатен со надзорот:** 01.01.2015 – 31.12.2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 15.07.2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 15 став 5 од Законот за медиуми („Службен весник на РМ" бр. 184/13 и 13/14)**

  (Радиодифузерите се должни на надлежното регулаторно тело да му достават писмен извештај, за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување, а особено за спроведувањето на програмскиот концепт, најдоцна до 31 март во тековната година. Во прилог на извештајот се доставува и информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во РМ или надвор од неа);

6. **Претходно изречена мерка:**

   *За непочитување на член 15 став 5 од Законот за медиуми, директорот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-256 од 18.04.2016 година) на Трговското радиодифузно друштво РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на решението (06.05.2016 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот надзор врз радио програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга, е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **постапил по решението** и во дополнителниот рок од 45 дена, утврден во член 15 став 6 од Законот за медиуми и во решението за преземање мерка - опомена (Уп1 бр. 03-256 од 18.04.2016 година), достави до Агенцијата писмен

извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување и за спроведувањето на програмскиот концепт, како и информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува програмскиот сервис во РМ или надвор од неа (наш арх. бр. 03-3115/1 од 08.06.2016 г.), со што **ги исполни обврските од член 15 став 5 од Законот за медиуми**.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***